Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 01.10.2023

На 30.09.2023 во 21.10 часот на подрачјето на Центар, во Дебар Маало, полициски службеници од Полициската станица Центар ги лишиле од слобода Д.Т.(20) и малолетник двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени таблетки и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 23.00 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Х.М.(22) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (01.10.2023) во 03.10 часот во угостителски објект во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Ф.А.(25) од Дебар, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 17.10 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода Е.М.(31) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 23.30 часот на Граничниот премин „Богородица", на излез од државата, при извршени гранични проверки на Н.В.(43) од Скопје, било констатирано дека во службената евиденција е со мерка „апси", за издржување на казна затвор по судска наредба од Основен кривичен суд Скопје, а во врска со кривично дело „криучарење", по чл.278 од Кривичниот законик. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Струмица за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (30.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 157 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 34 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за минување на затворен сигнал – црвено светло, девет за возење под дејство на алкохол, три мерки за некористење на сигуносен појас, 18 санкционирани мотоциклисти...

На 30.09.2023 во 10.40 часот во СВР Скопје од Градската општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди била донесена Ч.М.(67) од Прилеп. При извршен службен разговор со полициските службеници, таа појаснила дека со повредите се здобила на 29.09.2023, при пад во внатрешноста на автобус, додека се превезувала како патник од Транспортен центар кон блискиот трговски центар. Од страна на полициските службеници службен разговор бил извршен и со возачот на автобусот.

На 30.09.2023 во 08.35 часот било пријавено дека во Тетово, на крстосницата од бул. „Благоја Тоска" и ул.„Фуштанска", патничко возило „ауди" со тетовски регистарски ознаки, управувано Д.М.(47) од с.Мала Речица, удрило во велосипед, управуван од А.М.(73) од Тетово. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 30.09.2023 во 13.20 часот во Полициската станица Аеродром, Е.М.Л.(46) од Финска, пријавила дека на кеј на реката Вардар била касната од куче скитник.

На 30.09.2023 во 15.45 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Р.И.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Селечка Планина" бил каснат од куче скитник.

Одделението за прекугранично криминал, миграции, странци и реадмисија Куманово поднесе кривична пријава против Д.С.(27) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кримчарење мигранти". На 20.09.2023 на регионален пат Старо Нагоричане - Пелинце, општина Старо Нагоричане, полициски службеници извршиле контрола на товарно возило „ман", управувано од пријавениот, при што било констатирано дека превезува 44 илегални мигранти.

На 30.09.2023 во 19.30 часот во Битола полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода П.Ј.(37) од Битола, поради тоа што околу 18.50 часот во угостителски објект во Битола физички го нападнал И.В.(38) и со тврд предмет фрлил кон него. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 17.25 часот било пријавено дека во с.Фурка, дојранско, настанал пожар при што бил опожарен кровот на Домот на културата. Од екипа на Територијалната противпожарна единица пожарот бил изгаснат. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници.

На 30.09.2023 во 18.10 часот во СВР Тетово од Клиничката болница Тетово било пријавено дека кај нив бил донесен С.Х.(40) од Р.Албанија, со повреди од струен удар со кои се здобил додека изведувал градежни работи во с.Лешок, тетовско. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово и известен бил трудов инспектор.

На 30.09.2023 во 10.45 часот во СВР Скопје 59-годишен маж пријавил дека на 29.09.2023 околу 10.30 часот, во домот на подрачјето на Чаир, бил физички нападнат од неговиот син Ј.К.(27) од Скопје, кој употребил остар предмет и му го оштетил возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2023 во 19.30 часот во СВР Скопје Ј.А.(63) од с.Кондово пријавила дека во истото село, по претходна вербална расправија, била физички нападната од С.Н.(19). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 20.00 часот С.Ј.(42) од Гостивар пријавил дека околу 17.00 часот во Гостивар, по претходна расправија, бил физички нападнат од Б.Н.. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.С.(42) од Битола и Е.К.(30) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 11.01.2023 во Казнено-поправната установа Затвор Битола, при претрес на пратка со прехранбени продукти, наменета за второпријавениот, бил пронајден хероин, кој му го испратила првопријавената.

На 29.09.2023 во 11.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Марино, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу И.Д.(49) од една страна и Р.Н.(67) и И.Н.(64), од друга страна, при што биле употребени и тврди предмети. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 19.40 часот 21-годишна жена пријавила дека во Куманово била физички нападната од нејзиниот сопруг Д.Р.(34). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 17.00 часот било пријавено дека во Гостивар, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.Т.(47) и С.Т., двете од Гостивар. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 14.35 часот С.И.(39) од с.Добрашинци, струмичко, пријавил дека околу 12.30 часот во истото село неговиот малолетен син бил физички нападнат од А.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2023 во 16.00 часот било пријавено дека во Радовиш А.С.(35) со тврд предмет физички го нападнал Ф.И.(29), двајцата од Радовиш. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2023 во 19.50 часот во Куманово полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Д.(38) од кумановско, поради тоа што физички ја нападнал М.А.(21) од Куманово и ѝ одзел чанта. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во 09.00 часот во с.Веселчани, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода С.П.(23), затоа што околу 06.00 часот допрел по ногата 19-годишна девојка, а потоа физички ги нападнал неа и нејзината 18-годишна колешка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Г.А.(50) и М.А.(76), двајцата од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавените во текот на 2018 година, без претходно да набават одобрение за градење од надлежните органи, започнале со градба на објект на две улици.

Денеска (01.10.2023) во 00.45 часот во СВР Скопје, Г.С.(49) од Скопје пријавил дека на 30.09.2023 околу 22.45 часот на подрачјето на Центар едно лице со закана и со употреба на сила му одзело чанта во која имало два мобилни телефона, документи, пари и други лични предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2023 во 09.15 часот во СВР Охрид С.Т.(34) од Охрид пријавила дека се оддалечила нејзината сестра В.Л.(36) од с.Велгоши, која имала здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 30.09.2023 во 21.30 часот било пријавено дека околу 20.15 часот во Тетово двајца малолетници биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против А.А.(35) од Струга и И.А.(23) од Швајцарија, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 23.07.2022 во с.Добојвани, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило возило „пежо", управувано од А.А, во кое сопатник бил И.А., при што пронашле и одземе хашиш.

На 30.09.2023 во полициска станица на подрачјето на СВР Куманово бил извршен службен разговор со Н.В.(47) од кумановско, по пријава од 18.00 часот од страна на 49-годишна жена, според која тој на 21.09.2023 во Куманово се обидел да изврши обљуба врз неа. По целосно расчистување на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (01.10.2023) во 01.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Аеродром, поради финансиски недоразбирања, С.Ј.(38) од Скопје бил физички нападнат од З.Н., со кого претходно биле во казино, при што се здобил со тешки телесни повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.09.2023 во 19.40 часот во СВР Скопје М.Т.(21) од Скопје, пријавил дека на обиколница пред клучка с.Волково-с.Орман, додека се движел со своето патничко возило, од друго возило во движење едно лице со пиштол испукало кон неговото возило. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.Р.(25) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 16.06.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот и претрес во неговиот дом, при што пронашле и одземе марихуана.

На 30.09.2023 во 19.15 часот К.Т.(54) од с.Сопот, кавадаречко, пријавила дека околу 18.00 часот во истото село била физички нападната од А.Д.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено во Унет